Врз основа на член 4,16 и 18 од Законот  за здруженија и фондации (Службен весникна РМ бр.52/10), Собранието на ДДДММ друштво на доктори на дентална медицина на Македонија куманово, на седница одржана на 08.11.2014, го донесе следниот:

# С Т А Т У Т

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

член 1

Со овој статут се утврдуваат целите и задачите на друштвото, називот и седиштето, правата, обврските и одговорностите на членовите на друштвото,организацијата и управувањето, застапувањето и претставувањето, начинот на стекнувањето, користењето и располагањето со средствата, како и сите други прашања значајни за друштвото.

член 2

ДДДММ друштво на доктори на дентална медицина на Македонија куманово (во понатамошен текст друштво)  е доброволно,стручно ,независно здружување на доктори на дентална медицина, како и на други стручни лица кои се занимаваат со стоматолошка здравствена заштита и кои ќе го прифатат Статутот и програмата на друштвото.

член 3

Името на друштвото е ДДДММ друштво на доктори на дентална медицина на Македонија Куманово.Седиштето на друштвото е во Куманово, на Ул„.Илинденска„ бр.5-а.
Друштвото својата активност ја реализира на целата територија на Република Македонија, согласно Уставот на Р.М., позитивните законски одредби и овој Статут.

член 4

Друштвото има својство на правен субјект. Друштвото има свој печат и штембил.Печатот е во тркалезна форма со пречник од 3 цм, во чија внатрешна страна полукружно е испишано ДДДММ друштво на доктори на дентална медицина на Македонија Куманово, а на средина на печатот се наоѓа книга со заб и Ескулапов знак.

Штембилот е во правоаголна форма во кој хоризонтално на кирилица е напишано името на друштвото, број, дата и место на прием т.е. испраќање на актот.

член 5

Работата на друштвото е јавна и подлежи на оценки и критики на членството и други органи и организации, како и на релевантни државни институции.
Работата на членството во друштвото е независна, самостојна и непартиска.

член 6

Друштвото слободно утврдувајќи ги своите цели и задачи, може да соработува со Стоматолошка комора на Р.М. и други слични друштва и здруженија во земјава и странство.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

член 7

Цели и задачи на Друштвото се:

1. Да води регистер на своите членови.
2. Во континуитет да го организира, потикнува, насочува и едуцира своето членство.
3. Да се залага за почитување на Кодексот на Стоматолошката Деонатологија.
4. Да организира и активно учествува во активностите за унапредување на стоматолошка здравствена заштита.

5. Да го штити угледот и стручниот интегритет на своите членови и да посредува помеѓу нив и други организации, институции ,фирми за добивање на поповолни услови за нивно работење и исполнување на секојдневни обврски согласно позитивни законски прописи
6. Да се грижи за унапредување на стручноста и постојаното стручно усовршување на своите членови поради подигање на квалитетот на стоматолошките здравствени услуги.
7. Да организира самостојно или во соработка со други релевантни институции, стручни собири, семинари, симпозиуми, конгреси и други научни собири.
8. Активно да соработува со Стоматолошка Комора на Р.М.
9. Активно да соработува со Стоматолошки факултети.
10. Активно да соработува со други слични друштва и здруженија во земјата и странство.
11. На стручен и аргументиран начин да остварува силно влијание на сите релевантни институции во земјата при носење на закони, прописи и акти кои се однесуваат на стоматолошка здравствена заштита.
12. Да се занимава со издавање на публикации, списанија и билтени.
13. Да ја потикнува соработката меѓу членовите, организирајќи различни облици на дружење (екскурзии,забави,заеднички ручеци,итн), да ги разгледува и смирува споровите меѓу нив.
14. Да врши и други задачи согласно Статутот и другите акти на друштвото.

## ЧЛЕНСТВО

член 8

Членот на друштвото може да биде редовен и почесен.
Редовен член на друштвото, може да стане секој доктор на дентална медицина и друго стручно лице кое се занимава со стоматолошка здравствена заштита кое доброволно ќе потпише пристапница, ќе го прифати Статутот и програмата на друштвото и редовно ќе плаќа членарина.
Редовни членови можат да станат и пензионирани доктори на дентална медицина.
Почесен член на друштвото може да биде научник, професор или друг граѓанин, вклучувајќи и странски државјанин, кој има дадено голем придонес на полето на стоматолошката здравствена заштита или научна работа во истата област или пак на друг начин го има дадено својот придонес во работа на друштвото.

член 9

Одлука за прием на членот во Друштвото ја донесува Централниот Одбор на Друштвото , кој на секој примен член, му издава членска карта.

член 10

Членовите на друштвото можат да бидат членови и на други здруженија, друштва и асоцијации во земјава и странство.

член 11

Права и обврски на секој член се:
- да се придржува на одредби на овој Статут
- да бира и биде биран во сите органи, тела и комисии
- активно да учествува во сите видови дејности на друштвото
- да информира и биде информиран за работата на друштвото
- да покренува иницијатива и да дава предлози за расправа и решавање на прашања од дејноста на друштвото
- да учествува во сите видови на стручно-научни состаноци и активности што ги организира друштвото
- да ги изнесува меѓусебните спорови и случаи на повреди на етички норми пред соодветни органи на друштвото
- да го темели својот однос кон колегите врз база на почитување, коректност,искреност и разменување на искуство
- да го чува угледот на својата професија
- постојано да работи на сопствено стручно усовршување
- редовно да плаќа членарина

член 12

Членството во друштвото може да престане:
- со доброволно истапување
- со исклучување од членство

Член на друштвото може да биде исклучен:
- поради неисполнување на преземени обврски согласно Статутот и другите акти на друштвото
- поради неплаќање на членарина повеќе од 12 месеци
- поради правосилна судска пресуда изречена заради нечесно дело при вршење на стоматолошка здравствена дејност
- поради смрт на членот

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО

член 13

Друштвото својата активност и работа ја остварува со:
-организираност во регионални огранoци
-организираност во специјалистички здруженија

член 14

Друштвото е организирано во следниве регионални огранoци:
-централен регионален огранок со седиште во Скопје
-источен регионален огранок со седиште во Куманово
-западен регионален огранок со седиште во Прилеп

Член 14а

Заради остварување на целите и задачите на друштвото , во рамките на друштвото , а во согласност со овој Статут , членовите од иста или сродна специјалистичка гранка на дентална медицина, можат да формираат специјалистички здруженија.
Барање за формирање на специјалистичко здружение може да поднесат до Централниот Одбор на друштвото најмалку 15 доктори на дентална медицина –специјалисти од иста или сродна специјалност, и тоа:
* по стоматолошка протетика
* по болести на заби и ендодонт
* по орална хирургија, имплантологија и остеоинтеграција
* етернитас како здружение по ласерска стоматологија ,болести на уста , пародонт, орална медицина и пародонтална хирургија
* „Естетик клуб„ здружение за реставративна и естетска стоматологија
* стоматолошко здружение на македонија како здружение по општа стоматологија

Барањето за формирање на специјалистичко здружение се разгледува на заедничка седница на Централен одбор и Комисијата за стручно стоматолошки работи и континуирана едукација, по чиј предлог за формирањето одлучува Собранието на друштвото.
Материјално финансовото работење на специјалистичките здруженија се остварува преку нивни подсметки.
Секое специјалистичко здружение од своите членови избира претседател и секретар од редот на своите членови со мандат од четири години , најмногу два мандата еден по друг.
Претседателот на секое специјалистичко здружение по автоматизам е член на Собранието на друштвото.
Делокругот на работа на специјалистичките здруженија се определува со посебен правилник за специјалистичко здружение усогласено со Статутот на друштвото.

член 15

Највисок орган на управување на регионалниот огранок е Собрание на регионален огранок. Собранието го сочинуваат сите доктори на дентална медицина и други стручни лица кои се занимаваат со стоматолошка здравствена заштита во соодветен регион и се членови на стоматолошкото друштво.

член 16

Начинот на работа на Регионален огранок е регулирана со правилници и акти во согласност со Статутот на ДДДММ друштво на доктори на дентална медицина на Македонија куманово.

член 17

Финасиско-сметководственото работење на Регионалните ограноци се одредува со посебен правилник.

член 18

Одлука за формирање или укинување на Регионален огранок донесува Собранието на ДДДММ друштво на доктори на дентална медицина на Македонија куманово

ОРГАНИ НА ДДДММ друштво на доктори на дентална медицина на Македонија

член 19

Органи на Друштвото се:
а. Собрание
б. Централен Одбор
в. Претседател
г. Секретар
д. Надзорен Одбор
ѓ. Комисии

## СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

член 20

Собранието на Друштвото е највисок орган на управување на друштвото. Собранието е составено од најмногу 21 (дваесет и еден) член ,односно од по (5) пет претставници на секој од трите регионални ограноци.Во Собранието по автоматизам за времетраење на својот мандат влегуваат и претседателите на формираните специјалистички здруженија .
Мандатот на членовите на Собранието и на органите на Собранието трае четири години, со можност за избор најмногу два пати едно по друго.

член 21

Собранието може да работи и полноважно да одлучува ако на него се присутни повеќе од 50% од членови на Собранието, со просто мнозинство од присутните членови.
Работата на Собранието е јавна.
Во работата на Собранието може да учествуваат и поканети гости но без право на глас.

член 22

Начинот на работата на Собранието се регулира со Деловник за работа на Собрание на ДДДММ-друштво на доктори на дентална медицина на Македонија куманово.

член 23

Собранието донесува, расправа и одлучува за следното:
1. Донесува Статут на и врши измени и дополнувања на истиот
2. Донесува Програма за работа,финансов план и усвојува завршна сметка за материјално-финансово работење за предходна година

3. Избира и разрешува членови на Централен Одбор
4. Избира и разрешува Претседател на друштво
5.Избира и разрешува секретар на друштво
6. Избира и разрешува членови на Надзорен Одбор
7. Избира и разрешува членови на комисии
8. Ја утврдува висината на членарина
9. Донесува Деловник за работа на Собранието
10. Донесува Одлука за формирање или престанок на работа на повремени комисии
11. Донесува Правилник за работа на Регионалните и специјалистичките здруженија
12. Донесува правилници за работа на органи и комисии
13. Донесува Правилник за материјално-финансово работење
14. Разгледува и усвојува годишни извештаи на органите и комисиите на друштвото
15. Донесува и други акти од значење за друштвото
15. Врши и други работи утврдени со Закон или акти на друштвото
16 Донесува одлуки, заклучоци и препораки за решавање на прашања од интерес за стоматолошката заштита
17. Расправа за постигнати резултати во развојот на друштвото и дава насоки за понатамошен развој

член 24

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно и ја сумира својата работа, расправа по и ги усвојува извештаите на органите и комисиите на друштвото и извештаите на Регионалните и специјалистичките здруженија, како и финансискиот извештај.

член 25

Со работата на Собрание раководи работно претседателство од 3 члена, во кои задолжителен член е Претседателот на друштвото.

член 26

Централниот Одбор е извршен орган на друштвото меѓу две Собранија.
Централниот Одбор го бира Собранието.
Централниот Одбор се грижи за извршување на сите одлуки, заклучоци и препораки донесени на Собранието, согласно Статутот и другите акти на друштвото.

член 27

Централниот Одбор на друштвото е составен од 7 члена.
Членови на Централниот Одбор се претседателот на друштвото, секретарот на друштвото и претседателите на постојаните комисии на друштвото.
Секретарот на друштвото ги верифицира записниците од седниците на Централниот Одбор.

**ЦЕНТРАЛЕН ОДБОР**

член 28

Надлежност на Централниот Одбор е:
- подготвување на предлози за Нацрт-Статут и Нацрт-Предлог за негова измена и дополнување
- утврдување на предлози на акти што ги донесува Собранието
- подготвување материјали за седници на Собранието
- подготвување предлог-програма за работа на друштвото
- подготвување предлог-план за работа, финансов план како и годишен финансовизвештај
- подготвување извештај за своето работење
- Одборот врши и други активности кои му се дадени во надлежност согласно Статутот и другите акти на друштвото како и со одлуки, заклучоци и препораки на Собранието

член 29

Централниот Одбор се свикува по потреба.
Седницата на Централниот Одбор ја свикува и води Претседателот на друштвото . Седницата се свикува и по писмено барање на повеќе од 50% од членови на Централниот одбор.

Централниот Одбор полноважно одлучува со просто мнозинство ако се присутни повеќе од половина од членовите.

член 30

За секоја седница на Централен Одбор задолжително се води записник а во него се внесуваат сите заклучоци донесени на седницата. Централниот Одбор може на седницата да повикува членови на органи и комисии или членови на друштвото ако оцени дека има потреба од тоа.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ

Член 30 а

Председателот на друштвото е овластено лице за застапување на друштвото, односно е застапник на друштвото

член 31

Претседателот на друштвото ги има следниве надлежности:
1. Да го раководи и представува друштвото
2.Да ги подготвува и свикува седниците на Централниот Одбор и на Собранието
3. Да ги потпишува актите и другите одлуки на Собранието и на Централниот Одбор
4. Да се грижи за реализација на Програмата за работа донесена од Собранието на друштвото, како и на заклучоците, одлуките и другите документи што ги носи Собранието и Централниот Одбор
5. Да ги потпишува сите материјално-финансиските документи
6. Да поднесува извештај за свое работење, годишно и на крајот на мандатот
7. Да ја координира и учествува во работата на комисиите на друштвото

Претседателот на друштвото за своето работење е одговорен пред Собранието на друштвото.

член 32

Претседателот на Друштвото може да биде сменет по лично барање или со одлука наповеќе од 50% од членовите на Собранието на друштвото

## НАДЗОРЕН ОДБОР

член 33

Надзорниот Одбор е орган формиран од Собранието.
Надзорниот Одбор се состои од 5 члена.
Председателот на Надзорниот Одбор се избира од членови на надзорен одбор согласно Деловник за работа на надзорен одбор.
Надзорниот Одбор врши контрола над спроведување на одредбите од овој Статут и контрола на наменското располагање со средствата и приходите на друштвото и одлуките ги доставува до Собранието и Централниот одбор на друштвото.
Начинот на работата на Надзорниот Одбор се утврдува со посебен деловник.

## КОМИСИИ

член 34

Собранието ги избира следните постојани комисии:

1. Комисија за стручно-стоматолошки работи и континуирана едукација
2. Комисија за етичко-правни работи
3. Комисија за за економски прашања
4. Комисија за соработка
5. Комисија за информирање и доделување признанија и награди

член 35

Секоја комисија е составена од претседател и 2 члена, освен Комисијата за стручно-стоматолошки работи и континуирана едукација која е составена од претседател и 6 (шест)

члена.
Претседателите на комисиите по автоматизам се и членови на Централниот Одбор.
Претседателот и членовите на комисиите се бираат со мандат од четири години.
Комисиите даваат извештај за својата работа пред Собранието намалку еднаш годишно.

член 36

Собранието или Централниот Одбор може да формираат и други постојани или привремени комисии и работни тела.

член 37

Начинот на работа на комисиите се регулира со посебни правилници кои ги донесува Собранието.

## СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

член 38

Друштвото средствата за работа ги остварува преку:
- уписнина и членарина која ја плаќаат неговите членови
- приходи кои се остваруваат од котизации за одржување на стручни состаноци ,семинари, симпозиуми, конгреси и др.
- приходи од донации и спонзорства
- други приходи

член 39

Материјално-финансово работење на друштвото се врши во согласност со законските прописи за материјално-финансово работење и во согласност со финансовиот план на друштвото За правна и финансиска помош, за рационализација на трошоците, друштвото може да ангажира надворешни стручни лица за извршување на определени работи.

член 40

Наредбодаватели за извршување на финансовиот план на друштвото се Претседателот и Секретарот на друштвото.
Претседателот или Секретарот како наредбодаватели ја потпишуваат целата финансова документација.

член 41

Друштвото има:
- жиро сметки
-сметки за формирани специјалистички здруженија
- даночен број
- банки депоненти

член 42

Друштвото може да основа посебни фондови:
- осигурителен фонд

Со посебен Правилник и Договори со осигурителни компании ќе се регулира застапувањето на членовите преку друштвото
- солидарен фонд

Начинот на работа на овие Фондови се регулира со посебни правилници кои ги донесува Собранието на друштвото.

## ПРЕСТАНУВАЊЕ НА РАБОТА НА ДРУШТВОТО

член 43

Друштвото престанува да постои:
- со одлука донесена со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието
- кога бројот на членовите ќе се намали под законски утврдениот минимум за основање
- ако понатамошна работа на друштвото биде трајно забранета од страна на надлежен орган
- ако настапат причини утврдени со член 52 од Законот за здруженија и фондации

член 44

Одлуката за престанок на работа на друштвото ја донесува Собранието.

По престанок на работа на друштвото, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирување на обврските, преминуваат во сопственост на основачите,а за што одлука ќе донесе Централниот Одбор на друштвото.

член 45

Во случај на престанок на работа на друштвото, Претседателот е должен во рок од15 дена да го извести надлежниот орган за водење на регистар заради бришење на друштвото од Регистарот на здружение на граѓани.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

член 46

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на друштвото, а помеѓу две седници на Собранието, ова право го има Централниот Одбор на друштвото.

Започнатите постапки пред денот на влегување на сила на овој Статут ќе продолжат да се водат согласно одредбите нод Статутот кој важел до денот на носење на овој Статут.

член 47

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како за донесување на Статутот.

член 48

Овој Статут влегува на сила со денот на донесување, а ќе се применува по запишување на друштвото во регистарот кај надлежен орган за водење на регистар.

**ДДДММ друштво на доктори на дентална медицина**
**на Македонија куманово**

Председател
Денковски Маријан

Куманово, 08.11.2014